

(https://ads.360step
oaparams=2__bannerid=292__zoneid=1__cb=c4ec8bcd
g



МАКЕДОНИЈА (HTTPS://360STEPENI.MK/CATEGORY/AKTUELNO/)

# Новинарките Ирена Мулачка и Мирослава Симоновска ја добија наградата на ЗНМ за истражувачко новинарство

360степени (https://360stepeni.mk/author/codeart_admin/) | 17 февруари, 2024 21:40



(https://ads.360st
oaparams=2__bar
good-nature)

**Наградата за известување за теми од локално и регионално значење заврши во рацете на новинарката Анета Блажевска од Независен, додека наградата за животно дело „Крсте Петков Мисирков“ ја доби новинарката Соња Николовска од Телма**

Новинарката на неделникот „Фокус“ Ирена Мулачка, и новинарката од „Слободен Печат“, Мирослава Симоновска се добитници на наградата на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) за истражувачко новинарство „Јашар Еребала“ за сториите поврзани со „скандалот на Онкологија“.

Наградата за најдобро новинарско известување за теми од локално и регионално значење ја доби новинарката Анета Блажевска од независен, додека пак наградата за животно дело „Крсте Петков Мисирков“ ја доби Соња Николовска од Телма.

Ad removed. Details




Фото: 360 Степени

Посебни признанија за истражувачко новинарство им беа доделени на Истражувачка репортерска лабораторија (ИРЛ), како и на новинарите Петар Клинчарски, Фисник Џелили и Горан Антевски.

Претседателот на ЗНМ, Младен Чадиковски во своето обраќање кажа дека го радува тоа што се повеќе се става акцент на истражувачките стории, бидејќи на тој начин вистината излегува на површина.

> **„Изминатава година имавме навистина вредни приказни кои беа објавени и кои оставија печат во јавноста. Дел од нив се меѓу наградените. Да не заборавиме дека токму овие теми се двигатели на општествените промени“,**
>
> кажа Чадиковски.

Претседателка на Комисијата за доделување на наградата за најдобра истражувачка сторија беше Жана Божиновска, а членови беа и Ристо Тасев и Ведат Мемедалија.

**СПОДЕЛИ**

## Последни новости

(https://360stepeni.mk/mari
predlogot-na-vmro-dpmne-za
pasoshite-e-neseriozen-
potrebna-e-dinamika-na-
izdavane-za-protsesot-da-
zavrshi-letovo/)

(https://360stepeni.mk/maks
dimitrievski-ovie-izbori-ke-bid
repriza-na-lokalnite-vo-2021-
sdsm-ke-izgubi-a-vmro-dpmn
nema-da-pobedi/)

(https://360stepeni.mk/toshk
osmani-mozhe-da-zboruva-za
operatsii-i-za-rentgen-na-abd
a-ne-za-problemot-so-pasosh

(https://360stepeni.mk/ruski
vlasti-baraat-navalni-da-bide-
pogreban-tajno-tvrdi-negovat
majka/)

(https://360stepeni.mk/kotse
pobaral-od-obvinitelite-
proaktivno-da-gi-prezentiraat
javnost-rezultatite-od-rabotat

**СТОРИЈА (HTTPS://360STEPENI.MK/CATEGORY/STORIJA/)**

**ДЕБАТА**

(https://360stepeni.mk/)

**(HTTPS://360STEPENI.MK/CATEGORY/DEBATA/)**

**САБОТАЖА (HTTPS://360STEPENI.MK/CATEGORY/SABOTAZHA/)**

**ТИМ (HTTPS://360STEPENI.MK/TEAM/)**

**КОНТАКТ (HTTPS://360STEPENI.MK/CONTACT/)**

(https://www.facebook.com/360stepeni/)
(https://twitter.com/360stepeni)
(https://www.instagram.com/360stepeni/)
(https://www.youtube.com/channel/UCjxsO_EwJ

---

©2024 360 степени, Сите права се задржани

УСЛОВИ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ (HTTPS://360STEPENI.MK/USLOVI-ZA-PREZEMANJE/) МАРКЕТИНГ (HTTPS://360STEPENI.MK/MARKETING/)
ИМПРЕСУМ (HTTPS://360STEPENI.MK/IMPRESSUM/) ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ (HTTPS://360STEPENI.MK/POLITIKA-NA-PRIVATNOST/)